САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 0801-119/1
17-08- 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 33 и член 53 од Статутот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, Одлуката за објавување на интерен оглас за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК бр.0801-118/2 од 11.08.2022 година, како и Критериумите за избор и именување на претседатели на регионални одбори на СОНК бр.0801-117/2 од 29.10.2021 година, Советот на СОНК на 17.08.2022 година го објавува следниот

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**
**за избор и именување на претседатели на Регионални одбори на СОНК**

1. Советот на СОНК објавува ИНТЕРЕН ОГЛАС за избор и именување на претседател на Регионален одбор на СОНК – Куманово, Регионален одбор на СОНК – Велес и Регионален одбор на СОНК – Делчево.
2. Кандидатот за претседател на Регионален одбор на СОНК во својата апликација за претседател на Регионален одбор на СОНК треба да ги достави следните податоци:
   - лични податоци (име и презиме, телефон и ел.пошта);
   - установа во која е вработен со број на членови во синдикалната организацијана СОНК;
   - времетраење на членување во СОНК;
   - кратка синдикална биографија;
   - визија за поквалитетно работење на Регионалниот одбор на СОНК;
   - Програма за работа на Регионалниот одбор на СОНК за наредниот мандатен период.
3. Рокот за поднесување на апликацијата за претседател на Регионален одбор на СОНК трае 3(три) работни дена од денот на објавување на интерниот оглас, односно 17,18 и 19.08.2022 година.
4. Апликацијата за претседател на Регионален одбор на СОНК треба да се достави по електронска пошта, на мејл адреса: sonk@sonk.org.mk.
5. Комисијата за избор и именување на претседатели на регионални одбори на СОНК, со секој кандидат ќе спроведе интервју, кое ќе се одржи на 22.08.2022 година, во време за кое кандидатот ќе биде дополнително известен.

6. Секој кандидат за изборот/неизборот за претседател на Регионалниот одбор на СОНК благовремено ќе биде известен по писмен пат.
7. Патните трошоци за присуството и спроведувањето на интервјуто со кандидатите за претседатели на Регионален одбор на СОНК ќе се покријат од средствата на соодветниот Регион, во висина на повратен автобуски билет.

**Претседател**
**Јаким Неделков**